РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ - PLASNİTSA BELEDİYESİ

Бр.-No. 04 - 306/17

01.06 2022 год.- yil.

ПЛАСНИЦА - PLASNİTSA

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/16, 127/16, 142/2016 2/17, 16/17, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022 година), Градоначалникот на Општина Пласница донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор за унапредување на административен службеник**
**по интерен оглас**

**1.**По интерниот оглас бр.1/2022 објавен на 20.05.2022 година, за унапредување на административни службеници во Општина Пласница се избира:
– **Едисен Зеќироски**, за работно место, Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за управување со човечки ресурси, со шифра УПР0101Б04000.
**2.**Именуваниот ќе бидат унапредени на работното место од точка 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлуката.
**3.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

На ден 20.05.2022 година на веб страницата на Општина Пласница и на веб страната на Агенцијата за администрација, објавен беше интерен оглас бр.1/2022 за унапредување на административен службеник во Општина Пласница.

Со Решение бр.04-306/14 од 30.05.2022 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас. Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник со бр.04-306/15 од 31.05.2022 година, и спроведе интервју со уредните кандидати и за истото состави записник со бр.04-306/16 од 01.06.2022 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од административната селекцијата и спроведеното интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работно место предвидено во Интерниот оглас бр.1/2022 година.

Од доставената финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на Општина Пласница изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**<u>Доставено до:</u>**
- **именуваниот,**
- **архива**

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**